РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр. 02-7881/1
07-12-2023 год.-viti/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за производство трговија и услуги
ТДА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз
Бр 0307-175
07.12. 2023 год
Скопје

# ДОГОВОР
## ЗА ВУЛКАНИЗИРАЊЕ И ПЕРЕЊЕ НА ВОЗИЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**Дел 2- вулканизирање и промена на гуми**

## I ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерството за труд и социјална политика, со седиште на Ул. Даме Груев број 14, Скопје, претставувано од Министер **Јованка Тренчевска** , во понатамошниот текст „Договорен орган", и

2. Друштво за производство, трговија и услуги ТДА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз -извоз Скопје, со ЕМБС 4272684 со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.52, 1020 Скопје, претставувано од Управителот Ангеле Трајковски, во понатамошниот текст „Носител на набавката".

## II ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како постапка од мала вредност за услуги во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки , Законот за облигациони односи) и други важечки прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор .

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-7180/1 од 07.11.2023 година, одлука за избор за најповолен понудувач донесена во истата постапка со архивски број 02-7180/7 од 24.11.2023 година, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите , барањата и напомените предвидени во тендерската документација .

Предмет на овој договор е вулканизирање и перење на возила за потребите на Министерството за труд и социјална политика, за **Дел 2 - вулканизирање и промена на гуми.**

## III ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на овој договор со вклучени трошоци и други јавни давачки, ќе се утврди врз основа на стварно извршените услуги, но не повеќе од 95.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност. Вредноста на договорот со Данокот на додадена вредност изнесува 112.100,00 денари.

Единечните цени се дадени во продолжение на овој член Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на Носителот на набавката и намалени по електронска аукција ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот.

| Ред. бр. | ВУЛКАНИЗИРАЊЕ НА ГУМИ И ПРОМЕНА НА ГУМИ (се однесува за сите возила од спецификацијата на возила) | Количина | Ед. цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Лепење гума на автомобил | 1 | 470,00 |
| 2 | Балансирање на гума на автомобил | 1 | 282,00 |
| 3 | Балансирање алуминиумски бандажи | 1 | 564,00 |
| 4 | Рокада на гуми | 1 | 564,00 |
| **набавка и замена на стари со нови гуми** | | | |
| 5 | Летна гума со димензии 205/55/16 за возило Passat 3C (2006 год) или еквивалентно | 1 | 4.136,00 |
| 6 | Зимска гума со димензии 205/55/16 за возило Passat 3C (2006 год) или еквивалентно | 1 | 4.136,00 |
| 7 | Летна гума со димензии 185/65/15 за возило Citroen C3 (2015 год) или еквивалентно | 1 | 3.760,00 |
| 8 | Зимска гума со димензии 185/65/15 за возило Citroen C3 (2015 год) или еквивалентно | 1 | 3.760,00 |
| 9 | Летна гума со димензии 195/65/15 за возила Opel Zafira (2000 год) / Citroen Berlongo, (2015 год) / Skoda Octavia(2008 год.) или еквивалентно | 1 | 3.948,00 |
| 10 | Зимска гума со димензии 195/65/15 за возила Opel Zafira (2000 год) / Citroen Berlongo, (2015 год) / Skoda Octavia(2008 год.) или еквивалентно | 1 | 3.948,00 |
| 11 | Летна гума со димензии 155/65/14 за возило PEUGEOT 107 (2014 год.) или еквивалентно | 1 | 3.196,00 |
| 12 | Зимска гума со димензии 155/65/14 за возило PEUGEOT 107 (2014 год.) или еквивалентно | 1 | 4.700,00 |
| 13 | Летна гума со димензии 175/65/14 за возило Reno Clio (2004 год.) или еквивалентно | 1 | 3.384,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14 | Зимска гума со димензии 175/65/14 за возило Reno Clio (2004 год.) или еквивалентно | 1 | 3.384,00 |

## IV ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Овој Договор се склучува за период од 1 (една) година, односно до исполнување на вредноста на договорот од член 2.

## V НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 4**

Носителот на набавката е должен услугата, предмет на набавка, да ја извршува сукцесивно согласно дадената техничка спецификација, во период од 1 (една) година од денот на склучување на договорот за јавна набавка или до исцрпување на неговата вредност или до временско истекување на договорот, според потребите на Договорниот орган.

Услугите кои се предмет на набавка Носителот на набавка ќе ги извршува веднаш по прием на возилото односно во максимален рок за извршување на услугите од еден ден (24 часа) по претходно добиена нарачка од страна на лицето задолжено за следење на реализација на договорот кај Договорниот орган.

## VI.ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Услов за полноважност на овој договор е обезбедување гаранција од страна на Носителот на набавката за квалитетно извршување на договорот во висина од 10% од вредноста на договорот во рок од 5 работни дена од денот на склучување на договорот. Во спротивно Договорниот орган има право да го смета овој договор за ништовен.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосно реализирање на договорот. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## VII НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Начин на плаќање е по достава на фактура со цени во согласност со понудата, односно условите од тендерската документација дадени во делот на техничката спецификација и начинот и рокот на извршување на услугите во рок до 30 дена од денот на прием на фактурата во архивата на Министерство за труд и социјална политика.

Цените за набавка и промена на старите со нови гуми треба да бидат дадени со вклучена работна рака за нивната замена.

Доколку треба да биде пружена услуга која не е предвидена во техничката спецификација таа може да биде платена само по официјален ценовник кај Носителот на набавка кој е во важност за останати клиенти, за што се обезбедува доказЗа извршување на овој договор не е дозволено авансно плаќање .

## VIII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 7

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- возило и регистарски број;
- опис на извршена услуга;
- пресметка по единечни цени и вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ (ако има);
- валута на плаќање.

## IX ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 8

Носителот на набавката е должен своите услуги да ги врши совесно и одговорно, квалитетно и професионално во рамки на договорениот рок, со цел да се обезбеди непрекината работа и вршење на дејноста на договорниот орган, а врз основа на претходно доставено барање/нарачка на емаил-адресата на Носителот на набавката дадена во Образецот на понуда, односно Договорниот орган на електронската пошта на носителот на набавката доставува известување дека возилото доаѓа за да се извршат потребните услуги.

Носителот на набавката услугите ќе ги извршува веднаш по прием на возилото односно во максимален рок за извршување на услугите од еден ден (24 часа) по претходно добиена нарачка од страна на лицето задолжено за следење на реализација на договорот кај Договорниот орган

За извршените услуги во сервисната книшка на секое возило се евидентира денот на извршената услуга или промената на нови гуми, односно се води уредна документација во која се наведуваат сите превземени дејствија кои Носителот на набавка ги потврдува со печат и потпис.

## X ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 9**

Овластено лице од договорниот орган го превзема возилото со извршена контрола на лице место за реализираните услуги, односно со утврден квантитет и квалитет на извршените услуги.

Договорниот орган е овластен да именува лица кои ќе вршат надзор над извршувањето на договорените услуги од страна на носителот на набавката. Носителот на набавката е должен своите услуги да ги врши совесно и одговорно, квалитетно и професионално во рамки на договорениот рок, со цел да се обезбеди неприкината работа и вршење на дејноста на договорниот орган и да се продолжи нивниот работен век и тоа според упаствата и прописите на производителот, нормативите и стандардите за соодветниот вид на услуга.

Квалитативниот и квантитативниот прием на извршената услуга го врши овластено лице од договорниот орган, врз основа на писмената нарачка уредно потпишана и заверена од страна на овластеното лице на договорниот орган и потврдена од овластеното лице на носителот на набавката со потпис и печат. Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на извршените услуги.

Приговор за квалитетот на услугата се доставува до Носителот на набавка веднаш или најдоцна во рок од 3 дена од денот на извршената услуга. Истиот е должен во рок од 3 дена да преземе мерки за решавање на приговорот.

Договорниот орган се обврзува дека ќе ја исплати вредноста на договорот на начин определен во член 6 и член 7 од истиот

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 10**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусобно договарање.

**Член 11**

Доколку договорните страни не постигнат обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Кога носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета и активирање на банкарска гаранција.

Член 13

Кога носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган има право да му остави дополнителен рок за исполнување на обврската од 1 работен ден.

Доколку и по истекот на овој рок услугите не се спроведат, договорниот орган може да бара или раскинување на договорот или да ги обезбеди потребните услуги кај друго правно лице. Разликата во цената е должен да ја надомести носителот на набавката, а секако може да ја активира банкарската гаранција.

Член 14

Ако носителот на набавката не ја исполнил својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, Договорниот орган може да го раскине договорот.

Во случај на раскинување на договорот поради неисполнување на оврските во определениот рок и во дополнителниот рок, Договорниот орган има право на надомест на штета и право да ја активира банкарската гаранција.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 15

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 16

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки .

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 17

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 18

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

МИНИСТЕР
Јованка Тренчевски

Договорен орган

Управител
Ангеле Трајковски

Носител на набавката

Изготвил:Благица Мирчевска
Согласен: Славица Костовска
Контролирал: Љубица Панова